Арх. знак 02.02
Рок на чување trp
17.07.2019 год.
Потпис

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
☎ (02) 3246 851/852

Бр. 02-880/3
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на **09.07.2019год.** едногласно ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за плаќање при покренување постапка за стручен надзор по потреба

**Член 1**

При поднесување на **Барање за покренување стручен надзор по потреба**, подносителот е потребно да плати:

1. **во моментот на поднесување на Барањето** износ од **7.500,оо денари**

2. **по спроведувањето на надзорот** износ од **7.500,оо денари** до **30.000,оо денари**

**Член 2**

**Доколку не биде платен износот од член 1 ст.1 т.1** Комисија за стручен надзор по потреба нема да го разгледува поднесеното **Барање за покренување стручен надзор по потреба.**

**Доколку не биде платен износот од член 1 ст.1 т.2** Комисија за стручен надзор по потреба нема да го издаде **Извештајот од надлежна Комисија за стручен надзор по потреба**.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија СКОПЈЕ

Арх. знак 0202
Рок на чување 17.07.2019 трајно
17.07 2019 год.
Потпис,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-889/4
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на **09.07.2019год.** ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се наградуваат **најдобрите студенти за 2018г.** кои се стекнале со Диплома Др. по дентална медицина на државните високо образовни институции (стоматолошки факултети или факултети по дентална медицина) во Република Северна Македонија и тоа:

- Ана Петровска - Стоматолошки факултет при Универзитет ,,Гоце Делчев,,Штип
- Фјола Ајети - Стоматолошки факултет при Државен универзитет Тетово
- Михаела Петровска - Стоматолошки факултет при Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје

**Член 2**

Наградувањето ќе биде на начин што:

- ќе бидат ослободени од плаќање на износот за стручен испит *
  *доколку го платиле, да им биде вратен платениот износ
- ќе им биде доделена пофалница од Комисијата за награди на Стоматолошката комора на Македонија

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Арх. знак 0202
Рок на чување 
17.07 2019 год.
Потпис,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

---

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-889/6
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на **09.07.2019год.** ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се одобрува финансиска помош по основ породување **во износ од 7.200,оо денари** за:

- Докторите на стоматологија членови на Стоматолошката комора на Македонија и

**Член 2**

Финансиската помош за **Докторите на стоматологија** ќе биде дадена, доколку барателите ги исполната следниве услови:

- да се членови на комората со активна лиценца, **најмалку 1 година**
- да имаат уредно **платена чланарина** од кога се членови на Комората
- да поднесат **Барање во рок од 6 месеци** од денот на породувањето
- кон барањето да приложат соодветни докази, пред се
  Извод од матична книга на родени за детето и др.докази по барање на Комората

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

Арх. знак 0202
Рок на чување ШР
17.07 2019 год.
Потпис,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-889/7
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на **09.07.2019год.** едногласно ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се определува **надомест** во износ од **1.000,оо денари** на членовите на:
- **Надзорен одбор**
- **Суд на честа**
- **Обвинител и бранители**

- **Комисиите на комората** (постојаните комисии и поврмените комисии), **освен за**:
    *Комисиите за полагање стручен испит чиј надомест ќе биде согласно:
    Одлука бр.02-713/8 од 16.04.2014г. за испитувачите и
    Одлука бр.02-887/7 од 16.07.2018г. за претседателите на комисиите и
    *Комисијата за редовен стручен надзор чиј надомест ќе биде согласно:
    Одлука бр.02-1292/2 од 07.12.2018г.
    *Комисија за спроведување на анализа и дополнување на испитна база за спроведување на стручниот испит на дипломираните доктори чиј надомест ќе биде согласно:
    Одлука бр.02-135/1 од 06.02.2019г.

-**секој член на Комората**, вклучително и **членовите на органите на Комората**, кога како претставници на Комората учествуваат на **работни состаноци** заради остварување на целите и задачите на Комората, предвидени во член 9 и 10 од Статутот на Комората.

**Член 2**

Исплатата на надоместот, пресметката и исплатата на персоналниот данок на доход и другите даноци согласно позитивните законски прописи на РСМ за сметка на Комората, ќе ја извршува агенција за авторски права по претходно склучен договор и доставена фактура од нејзина страна кон Комората, а за сметка на извршителите од чл.1 на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ

Арх. знак 0202
Рок на чување ___
17.07 2019 год.
Потпис,

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-888/8
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија и Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (Сл.весник 62/2017) на продолжението на 8-та седница на ден **17.07.2019год.** едногласно ја донесе следната

## О Д Л У К А
## - за бар кодови, СМС-пораки и адреси –

**Член 1**

Акредитираните организатори на облиците на континуирано стручно усовршување, се должни **барањата** за бар кодови , СМС-пораки и адреси да ги достават до Стоматолошката комора на Македонија **најдоцна 10 дена пред денот на одржување на настанот.**

**Член 2**

Доколку се исполнети условите од член 1 на оваа Одлука, Стоматолошката комора на Македонија е должна **најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на барањата**, да достави бар кодови, СМС-пораки и адреси до Акредитираните организатори на облиците на континуирано стручно усовршување.

**Член 3**

Акредитираните организатори на облиците на континуирано стручно усовршување, се должни **во рок од 15 дена по одржаниот настан** да доставаат до Стоматолошката комора на Македонија, Сектор – Финансии информации за:

**- неискористените бар кодови**

**- списоци на активни/пасивни учесници.**

**Член 4**

Одлуката се носи со цел да се излезе во пресрет на сите акредитирани организатори на облиците на континуирано стручно усовршување.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

Арх. знак 0202
Рок на чување ... 17.07.19 год.
Потпис,


СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852


Бр. 02-889/10
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на продолжението на 8-та седница на ден **17.07.2019год.** едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**
за утврдување на годишна програма за субвенционирани едукативни настани
**како пилот проект**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведува пилот проект за утврдување на годишна програма за субвенционирани едукативни настани.

**Член 2**

Заради спроведување на пилот проектот, **Комората** има обврска:

- да организира средба помеѓу Комората и организаторите и високо образовните установи на кој ќе се определат:
  - насловите на централните теми
  - поделба на градовите според рамноправен регионален пристап
  - термини на одржување на настаните

- да овозмози акредитација на настаните без наплата на надомест за бар кодови и СМС пораки

**Член 3**

Заради спроведување на пилот проектот, **организатрот** има обврска:
- да го вклучи настанот во годишна програма за КСУ како симпозиум со меѓународно учество
- да ја подготви програмата согласно превземената тема
- да го одржи настанот во определениот регион со запазувње на условите од Правилникот за КСУ*
- да не пресметува котизацијата повеќе од 900,оо денари за сите пасивни уцесници
- да не склучува договор со комерцијални партнери за можност на покривање на котизација со купување на производи

**Член 4**

Со организаторите кои ќе бидат организатори согласно оваа одлука се склучува договор, во кој детално ке се утврдат правата и обврскит на двете страни (Комора и организатор).

**Член 5**

Учеството во програмата за субвенционирани едукативни настани не е задолжителна за акредитираните организатори.

**Член 6**

Одлуката се носи со цел за:

- приближување на едукативните настани до сите членови поеднакво со запазување на регионален пристап согласно Правилникот за КСУ*
- овозможување на пониска цена на определен број на настани
- истакнување на важноста за определени теми за после дипломско континрнуирано стручно стоматолошко усовршување за секој доктор на стоматологија согласно светските стандарди

**Член 7**

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

**Правилник за КСУ*** - Правилник за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (Сл.весник 62/2017)

Арх. знак 0202
Рок на чување ИЗР
17.07 2019 год.
Потпис,

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-880/11
17.07 2019 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија на продолжението на 8-та седница одржана на ден **17.07.2019год.** едногласно ја донесе следната

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Правилникот за управување со фондот за взаемна помош заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г.

**Член 1**

Во Правилникот за управување со фондот за взаемна помош заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г., **член 8 став 2 се менува и гласи**:

,,2) Во случај на настапување на **повреда**, доколку **повредата** настапила како последица на повреда на работно место или како професионално заболување и доколку повредата предизвикала телесно оштетување, значитенлно ја намалила работната способност на членот на Комората и бара зголемени трошоци за лекување во фунција на одржување на здравствените, професионалните и работните способности.,,

**Член 2**

Во Правилникот за управување со фондот за взаемна помош заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г., во **член 8 се додава нов став 5** кој гласи:

,,5)Се одобрува финансиска помош по основ породување за:
- **Докторите на стоматологија** членови на Стоматолошката комора на Македонија

Финансиската помош за **Докторите на стоматологија** ќе биде дадена, доколку барателите ги исполната следниве услови:
- да се членови на комората со активна лиценца, **најмалку 1 години**
- да имаат уредно **платено чланарина** од кога се членови на Комората
- да поднесат **Барање во рок од 6 месеци** од денот на породувањето
- кон барањето да приложат соодветни докази, пред се
Извод од матична книга на родени за детето и др.докази по барање на Комората

**Член 3**

Во Правилникот за управување со фондот за взаемна помош заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г., во **член 9 алинеја 2 се врши измена на начин што:**

-зборот **,,инвалидитет,, се заменува со** зборот **,,повреда,,**

Во **член 9 став 1** се додава **нова алинеја 3** која гласи:

,, - за породување се исплаќа еднократно **износ од 7.200,оо денари** ,,

**Член 4**

Предлог -Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Член 5**

Примерок од предлог - одлуката да се достави до Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, за истата да се разгледа на првата наредна седница.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *